Grafička dorabotka - knigoveznica (makedonski)
Vrsta: Seminarski | Broj strana: 22 | Nivo: Tehnički fakultet, Bitola

Вовед
Графичката доработка е завршна фаза во графички-технолошки процес во кој производите од графичката индустрија добиваат конечен облик. Заради подобра прегледност графичката доработка се дели на:
Книговрзивачката доработка
Амбалажа и картотажа
Преработка на хартија
Книговрзувачката доработка е произвотствен дел од графичката доработка во кој отпечатените матријали ( табаци, ролни од хартија и др.) се преработуваат во книги, брошури, списанија, весници, каталози, блокови, проспекти итн.
Амбалажата и картотажата е произвотствен дел од графичката доработка во која хартијата, картонот, брановидниот картон, лепенката алуминиумските и полимерните фолии, ламинатите и други матријали се преработуваат во кутии, кеси, верќи, пликови, обвивки итн.
Преработка на хартијата е произвотствен дел од графичката доработка во кој печатените и непечатените флексибилни матријали ( хартија, картон, ламинати и др.) се преработуваат во училишни тетратки, блокови за цртање и пишување, производи за пакување и декорација, хигиенски хартии итн.
Во праксата, определената граница помеѓу деловите од поделбата на графичка доработка не постои. Тоа се гледа кај амбалажата и картотажата и преработката на хартија каде што неки производи (пликови, блокови, етикети, тетратки и др.) се произведуваат во погони на печатниците кои не се специјализирани за одреден производ.
Производи на книговрзувачката доработка
Производите на книговрзувачката доработка спрема технолошкиот процес се делат на неколку делови:
едноставни (несвиткани) производи
производи добиени со свиткување
производи добиени со поврзување
Едноставни (несвиткани) производи се: плакати, деловни писма, формулари, етикети, разгледници, хартии од вредност и др. Овие производи се составени од поединечни листови и не се шиени или лепени, а врз нив е применета некоја едноставна книговрзувачка доработка, на пример порамнување, сечење, броење, пакување и експедиција.Врз некои од овие производи се применети додатни операции: перфорирање, дупчење, заоблување и др. Несвиткани остануваат и висококвалитетните производикако што се: хартии од вредност, графичките листови чија подготовка е сериозна, печатењето е прецизно и квалитетно, а подлогите се многу скапи. Кај овие производи книговрзувачката доработка, иако релативно едноставна, е одговорна работа бидејќи сечењето на нивните делови мора да биде со голема точност ( допуштено е отстапување ± 0,1mm со соодветна белина).
Сл.1. Технолошки процес на изработк
на едноставен производ т.е. плакат
Производи добиени со свиткување се: проспекти, весници, автокартите, географските карти и др. Ова се производи врз кои, после порамнувањето и сечењето, се применува постапката на свиткување. Мозе да има еден или повеќе превои. Превоите може да се паралелни или комбинирани. Додатни операции се: преформирањето, биговањето, штанцовањето, дупчењето и др. После овие операции се применуваат операциите броење, врзување со ленти (шлајфирање), пакување и експедиција, Кај овие производи многу е битен логичниот редослед на страниците и острината на превоите кои треба да бидат без набори (фалти). Доколку овие производи се печатат

од ролна (весниците) немаат книговрзувачка доработка на одвоени машини за свиткување, туку свиткувањето се изведува континуирано на крајните делови од ротирачката машиназа печатење.

**---------- OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU. ----------**

www.maturskiradovi.net

**MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:** maturskiradovi.net@gmail.com